Здружението за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска - Скопје објавува

**ПОВИК**

**РЕФ.БР.1/2026**

за финансиска поддршка на граѓански организации

Финансиската поддршка се доделува со поддршка на German Women's Fund filia die frauenstiftung. Целта на поддршката е директно поврзана со мисијата на Акција Здруженска да инвестира во развојот на локалниот женски активизам преку поддршка на локални женски организации, групи и активистки кои се посветени на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на женското движење и создавање општество без насилство, дискриминација и нееднаквости.

Во рамките на повикот е обезбеден фонд од 87 000 евра од кој ќе бидат доделени грантови во максимален износ до 7 000 евра. Во случај на недоволен број пристигнати или одобрени проекти, Фондот го задржува правото да ги измени условите на повикот, вклучително и висината на грантовите и вкупниот буџет.

Финансиската поддршка се доделува за 9 месеци и ќе се однесува на периодот 15 јуни 2026 – 28 февруари 2027.

Право на учество на повикот за доделување на финансиска поддршка ќе имаат организации кои:

- во раководните органи и во персоналот вклучуваат предоминантно жени и чие членство и ангажирани лица во спроведување на активности на организацијата се состои предоминантно од жени;
- мисијата и целите на организацијата се насочени кон унапредување на правата и положбата на жените и на родовата еднаквост;
- демонстрирале претходна историја на активности за застапување со вклучување на жените од заедницата на локално ниво;
- во ангажираниот персонал не вклучуваат раководни лица од локални институции, лица кои се во управувачки органи и тела на политички партии или лица за кои е утврден конфликт на интереси;
- Учество на нерегистрирани групи/колективи е дозволено само доколку аплицираат во партнерство со регистрирана организација со која ќе се склучи договор за соработка;
- Организации кои делуваат во заедниците кои ги застапуваат.

**Повикот има 7 тематски приоритети, од кои секој апликант може да избере само еден:**

- Лидерство кај девојки и млади жени (16–30 години);
- Учеството на жените во процесите на донесување одлуки и во јавниот живот;

- Економска независност на жените;
- Сексуални и репродуктивни права и здравје на жените;
- Национални и/или локални политики за постигнување родова еднаквост;
- Кампањи и акции за мобилизација на заедниците за теми како феминизам, социјални нееднаквости, родова (не)еднаквост и родово базирана дискриминација;
- Феминистичко создавање знаење – истражувања, статии, преводи, подкасти, едукативни видеа и сл.

**Содржина на предлозите за доделување на грант**

Може да се финансира широк спектар на активности, при што водечките принципи треба да бидат еднаквост, недискриминација и зајакнување на жените и девојките, особено на оние кои досега не биле активни во заедницата.

Целите и активностите на секој проект треба да демонстрираат феминистички пристап, јасно разбирање на проблемот што се адресира и да бидат насочени кон одржлива општествена промена вклучувајќи жени и девојки, и други маргинализирани групи од заедниците во кои работат.

Се охрабрува интерсекционален и инклузивен пристап, со фокус на вистинско зајакнување на целните групи, така што тие нема да бидат третирани како пасивни корисници, туку како активни носители на промени.

**Недозволени активности на грантистите**

- Активности со кои се поддржува и се во интерес на работата на политички партии или верски заедници;
- Локални манифестации кои не се во функција на застапување на правата на жените и родовата еднаквост;
- Градежни активности кои се во домен на работата на локалната самоуправа;
- Комерцијални и профитни активности;
- Едукации без цел за застапување;
- Активности кои се веќе реализирани или финансирани од други извори.

**При евалуација на апликациите, предност ќе имаат:**

- Феминистички организации;
- Организации кои работат во областа на правата на жените, зајакнување на девојките и борба против родово базирано насилство;
- Организации кои работат со ранливи групи жени и се борат против повеќекратна дискриминација (пр. ЛБТ, Ромки, лица со попреченост, самохрани мајки итн.);
- Организации раководени од жени или со повеќе од 50% жени на лидерски позиции;
- Иницијативи за мобилизација на жени и девојки од локалните заедници во застапувачки акции.

**РОКОВИ И ОБРАСЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**Пријавите треба да бидат доставен исклучиво по електронска пошта на следната електронска адреса: zdruzenska@t.mk, но не подоцна од 25.05.2026**

**Секоја пријава треба да ги содржи следниве документи:**

- **Уредно и целосно пополнет Прилог А - Апликација за проектна финансиска поддршка**
- **Уредно и целосно пополнет Прилог Б - Буџет**
- **Тековна состојба не постара од 6 месеци**
- **Работни биографии на предложен персонал**
- **Статут**
- **Последен Годишен извештај на организацијата**

**Во прилог на пријавата можат да се достават дополнителни документи како на пр. стратешки документи, годишни програми, извештаи од спроведени следења на ЕЛС и сл.**

**Начин на селекција**

Процесот на селекција на организациите ќе се одвива во две фази.

Во првата фаза ќе бидат пред селектирани организации кои ги исполнуваат условите за пријавување и имаат уредно поднесени документи согласно Повикот.

Во втората фаза сите поднесени пријави ќе бидат разгледани од Одбор за селекција на содржината на пријавите кој е составен од претставнички на тимот на Акција Здруженска и организации кои се веќе поддржани од Акција Здруженска врз основа на следниве критериуми:

| Критериум | Опис | Бодови |
|---|---|---|
| Посветеност на организацијата на промени во корист на жените од заедницата | Историја на резултати од спроведени локални застапувачки акции преку мобилизација на жените од заедницата | 30 |
| Методологија и активности за остварување на очекуваните резултати | Какви активности се предлагаат; дали преку тие активности ќе се постигнат очекуваните промени; дали и колку предлог методологијата предвидува вклучување на жените од заедницата | 30 |
| Јасни и реални дефинирани промени/резултати кои се очекуваат | Предложениот проект има јасни и реални цели, јасни и реални очекувани резултати односно промени | 15 |
| Капацитет на предложениот тим за реализација | Предложениот тим има претходно релевантно искуство за спроведување на обврските кои се распределени согласно описот на работни задачи | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| Оправданост на трошоците наспроти резултатите кои се очекуваат | Дали трошоците кои се побаруваат ќе придонесат да се постигнат очекуваните резултати | 10 |
| **Вкупно** | | **100** |

Акција Здруженска го задржува правото да побара дополнителни информации и документи за предлозите или за подносителите на пријавите за коишто смета дека се потребни за оценување на поднесените пријави. Одлуката за доделување на финансиска поддршка може да биде проследена со препораки од Одборот за селекција за дополнување или корекција на апликацијата. Во таков случај тимот на Акција Здруженска ќе спроведе преговори со апликантите со цел да ја финализира пријавата.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат известени за резултатите од повикот по електронски пат.

Пријавувањето и доделувањето на грантовите ќе се одвива во следната временска рамка:

**11.05.206** - Повик за грантови
**25.05.2026** - Рок за аплицирање
**15.06.2026** - Известување и потпишување на договор за грант.

Доколку имате дополнителни прашања или потреба од појаснувања во врска со повикот ве молиме да се обратите на следната електронска адреса: zdruzenska@t.mk.